**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**
**Ул. "50 Дивизија" бр.6, 1000 СКОПЈЕ**
**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **н о е м в р и, 2023**




**Скопје, 15.11.2023**

Во текот на ноември 2023 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **1.015** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **55,3 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец ноември е незначително поголем за 1,4% во однос на претходниот месец октомври 2023 (n=1.001). Во однос на месец ноември 2022 (n=1.132) се регистрира намалување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 10,3%, додека во однос на аритметичката средина за петгодишниот период (n=1.733), се регистрира намалување од 41,4%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2023 година, регистрираните случаи во месец ноември учествуваат со 8,8%. Кумулативниот број на пријавените во 2023 (n=11.509) е за два пати поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=5.567).

***<u>Графикон 1</u>. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2023 и аритметичка средина***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=405; 39,9%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=27; 2,7%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Битола (I=156,7/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Тетово (14,3/100.000). *(Графикон 2)*

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во ноември, 2023***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во ноември учествуваат со 99,5% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 55,0/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во ноември, 2023***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| **Овчи сипаници** | **617** | **33,6** |
| **Ентероколитиси** | **249** | **13,6** |
| **Салмонелози** | **46** | **2,5** |
| **Шуга** | **37** | **2,0** |
| **Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации** | **17** | **0,9** |
| **Скарлатина** | **17** | **0,9** |
| **Инфективна мононуклеоза** | **13** | **0,7** |
| **Сифилис** | **8** | **0,4** |
| **Заушки** | **4** | **0,2** |
| **Вирусен енцефалитис** | **2** | **0,1** |
| **Вкупно** | ***1010*** | **55,0** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити, n=866), учествуваат со 85,3% во вкупниот број на заболени, а со 85,7% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец ноември 2023 година.

Во текот на ноември, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 617 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 60,8%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 61,1%.

Во однос на претходниот месец октомври 2023 (n=486), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 26,2%, додека во однос на месец ноември 2022 (n=864) се регистрира намалување за 28,6%.

Во однос на аритметичката средина (n=845) се регистрира намалување за 27,0%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2023 (n=7.100), пријавените случаи во ноември учествуваат со 8,7%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=11.509), овчите сипаници учествуваат со 61,7%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2023 е за 2,2 пати поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 (n=3.147).

На второ место по број на пријавени заболени во месец ноември се **ентероколити**, со 249 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 24,5%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 24,8%.

Во однос на претходниот месец октомври 2023 (n=359), се регистрира намалување на бројот на заболени лица од ентероколити за 30,6%, додека во однос на месец ноември 2022 (n=169) се регистрира зголемување за 47,3%.

Во однос на аритметичката средина (n=635) се регистрира намалување за 60,8%.

Во вкупниот број на пријавени ентероколити во 2023 (n=3.063), бројот на заболените во ноември учествуваат со 8,1%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 година (n=11.509), учеството на ентероколити е 26,6%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2023 (n=3.063) е зголемен за 85,3% во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=1.653).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во ноември, најголем број (n=652) припаѓаат на **капкови заболувања** (64,2%; I=35,5/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=617; 94,6%) и инциденца (I=33,6/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 17 случаи на скарлатина (I=0,9/100.000), 13 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,9/100.000), четири случаи на заразни заушки и еден на менингококна болест.

Во месец ноември, пријавени се 312 случаи (30,7% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 17,0/100.000. Од нив, најголем број, (n=249; 79,8%) и инциденца (I=13,6/100.000) се пријавите на ентероколити. Пријавени се и 46 случаи на салмонелози (I=2,5/100.000) и 17 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=0,9/100.000).

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во ноември се регистрирани 40 случаи (3,9%; I=2,2/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 37 случаи на шуга (92,5%; I=2,0/100.000), 2 случаи на вирусен енцефалитис (од кои, кај еден е потврдена West Nail вирусна инфекција) и еден случај на бактериски менингит.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 9 заболени лица (0,5%; I=0,9/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 8 случаи на сифилис (I=0,4/100.000), и еден случај на гонореа. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец ноемви пријавени се по еден случај на ехинококоза и лајшманиоза.

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во ноември, 2023***



## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец ноември, пријавен е еден случај потврден на ХИВ, од машки пол, кој припаѓа во возрасната група од 20-24 години. (*Табела 3 во Прилог*).

Во текот на месец ноември регистриран е еден смртен случај од ХИВ/СИДА, кој е пријавен во септември.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.11.2023), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 632, и тоа:

- 126 лица починале,
- 506 лица живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец ноември 2023 регистрирани се 4 случаи со инциденца од 0,22/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*).

Сите четири случаи се заразни заушки, регистрирани во различни градови Тетово, Виница, Кавадрци и Скопје. Од пријавените случаи, две лица припаѓаат на возрасната група од 5-9 години, едно лице припаѓа во возрасната грипа од 10-14 и едно е со возраст над 20 години. Во однос на вакциналниот статус, две од заболените имаат уреден вакцинален статус, едно не е вакцинирано и за едно лице вакциналниот статус е непознат. Дијагнозата е клинички потврдена.

## СОСТОЈБАТА СО COVID-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во Р. Северна Македонија во текот на месец ноември, пријавени се вкупно 229 случаи на COVID-19 (I=12,5/100.000).

Во однос на претходниот месец октомври 2023 (n=535), се регистрира намалување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 57,2%, а во однос на месец ноември 2022 (n=824) се регистрира намалување на заболените од 72,2%.

Од заболените во ноември 2023, најголем број на заболени (n=112) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (68,9,1/100.000) се регистрира во Охрид. Регистрирани се 94 реинфекции.

Во текот на месецот пријавени се пет починати лица.

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната групата над 60 години (n=118; 51,5%).

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец ноември се тестирани вкупно 1.779 материјали со намалување на бројот на тестирани за 72,2% во однос на минатиот месец (n=2.400).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 30.11.2023, пријавени се вкупно 350.110 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.061,8/100.000) и 9.964 смртни случаи (Mt= 542,2/100.000; CFR=2,8%).

Бројот на аплицирани дози на КОВИД-19 вакцина во текот на месец ноември изнесува вкупно 5, од тоа три како прва и две како четврта доза.
Заклучно со 30.11.2023 година, вакцинирани се вкупно 876.167 лица со барем една доза на вакцина против КОВИД-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.375 лица.

***Табела 1: Вакцинација против КОВИД-19 во РСМ***

| **Доза вакцина КОВИД-19** | **% вакцинирани над 18 години** | **% вакцинирани вкупно население** |
|---|---|---|
| **1 доза** | **59,7** | **47,7** |
| **2 доза** | **58,4** | **46,7** |
| **3 доза** | **11,1** | **8,9** |
| **4 доза** | **0,6** | **0,5** |

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец ноември, до Институтот за јавно здравје пристигнати се три пријави за ***епидемии на заразна болест, на алиментарна интоксикација, салмонелоза и на овчи сипаници***.

Првата епидемија на алиментарна интоксикација е пријавена од страна на ЦЈЗ Скопје на 02.11.2023 година, кај вработени од две фирми кои конзумирале храна подготвена и дистрибуирана од ист оператор за храна. Во епидемијата се регистрирани вкупно 10 заболени лица, на возраст од 20-49 години.

ЦЈЗ Скопје во соработка со ДСЗИ, ИЈЗ и АХВ изврши санитарно-хигиенски и епидемиолошки увид во објектот на операторот за храна. Земени беа брисеви од вработените, работните површини, амбалажа за храна и мостри од храна. Сите резултати беа негативни.

Предложени се и спроведени санитарно-хигиенски и противепидемиски мерки.

Епидемијата е одјавена на 07.11.2023

Втората епидемија е епидемија на салмонелоза регистрирана на територијата на ЦЈЗ Скопје која започнала на 01.11.2023. Со епидемијата се зафатени ученици од шест училишта во Скопје. Во епидемијата се регистрирани вкупно 15 заболени лица, кои припаѓаат на возрасната група од 5-14 години, од нив 3 лица биле хоспитализирани. Кај сите заболени лица во епидемијата е потврдена Salmonella enteritidis.

ЦЈЗ Скопје во соработка со ДСЗИ, ИЈЗ и АХВ спроведе санитарно-хигиенски и епидемиолошки увид во училиштата и кујните каде е складирана, дистрибуирана и подготвувана храната која ја конзумирале децата. Земени се мостри за бактериолошко и хемиско испитување, земени се брисеви и копрокултура од вработените, брисеви од работни површини и примероци од храна. Спроведени се вонредни здравствено санитарни прегледи на сите вработени, спроведена комплетна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на кујните и предложен засилен надзор над складирање, дистрибуција и подготовка на храната.

Епидемијата е одјавена на 13.11.2023

Третата епидемија на овчи сипаници ја пријави ЦЈЗ Штип/ ПЕ Радовиш на 20.11.2023 година, главно кај училишни деца. Епидемијата е пријавена со 42 заболени лица. Од страна на епидемиолошката служба при ЦЈЗ Штип - ПЕ Радовиш, превземени се соодветни противепидемски мерки: направен е епидемиолошки увид во училиштето каде се регистрирани случаите, извршена е дезинфекција и едукација на населението.

До затворањето на овој извештај, епидемијата не е одјавена.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец ноември пријавен е еден смртен случај од акутно заразно заболување (не сметајќи ги COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ) со Дг: Meningoencephalitis purulenta. Регистрираниот случај е женско лице на возраст од 48 години, од Скопје.

Пациентката била хоспитализирана на КИБФС 12-17.11.2023 година, кога настапил смртниот исход.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на ноември, 2023 година во ИЈЗ се пристигнати 861 *Пријава за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на 10-те ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=651; 75,6%) и ЦЈЗ Битола (n=95; 11,0%). (*Табела 4 во Прилог*).

Најчесто пријавувани причинители во месец септември се: *MRSA (n=200; 23,21%), Salmonella enteritidis (n=98; 11,4%)* и *HPV (n=96; 11,1%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за: *Acinetobacter baumannii, Enterobacter aerogenes ESBL, Escherichia coli ESBL, Klebsiella oxytoca ESBL, Klebsiella pneumoniae ESBL, Klebsiella pneumoniae, Serratia fonticola ESBL, Pseudomonas aeruginosa.*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово и ЦЈЗ Струмица.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец септември, ***пристигнати се 7 пријави*** за заразни заболувања кај странски државјани од Турција (3) и Косово (4) кои престојувале во Република Северна Македонија.

Регистрирани се 4 случаи на ентероколитиси и по еден случај на салмонелоза, мононуклеоза и шуга.

Во текот на 2023 година, регистрирани се 37 пријави за акутни заразни заболувања, 21 пријави на ентероколитис, 5 пријави за АТИ, 5 пријави за салмонелози, 2 пријави за хепатитис Б и по една пријава на скарлатина, гонореја, мононуклеоза и шуга.

Според земјата од која доаѓаат, 14 лица се од Косово, 5 лица се од Германија, по 4 од Швајцарија и Турција, 3 од Црна Гора и по едно лице од Албанија, Норвешка, Италија, Украина, Австрија, САД и Кина.

***Кузмановска Г., Караџовски Ж., Ставридис К.,***
***Кочински Д., Ќирковиќ Колевска К.,***
***Трајковска И., Положани Е.,***
***Цветановска Ж., Столеска Илиоска Р., Исмани М.,***
***Чибишева Д., Биљали Е., Фејзула А.***